# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА
# МРЕЖАТА НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА
# 2010 ГОДИНА

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ  2009 ГОД.**

**ОБРАЗОВАНИЕ**
**1.Име на активноста**

**Зајакнување на изучувањето на изборниот предмет Јазик и култура на Власите, континуирано во четири општини (Крушево, Штип, Битола и Скопје).**

- **Опис на активноста** - Зајакнување на изучувањето на изборниот предмет Јазик и култура на Власите, континуирано во четири општини , од трето до деветто одделение но континуирано и со поголем број на ученици. Со ова во иднина ќе се одржи користа од познавање и изучување на влашкиот јазик. За тоа треба да се повикаат средби со родителите да се запознаат родителите со програмата и да се каже целта на изучувањето на влашкиот јазик. Може да се одржат и дебати на истата тема на ниво на општина.

- **Цел на активноста**- Целта на оваа активност е да се поттикне изучувањето на влашкиот јазик од страна на младите генерации, за да се сочува од заборав. Со самото изучување на јазикот, истиот не изумира само се усовршува и не се заборава . Учениците кои го изучуваат се побогати со своите знаења и истите ги прошируваат.

- **Очекувани резултати**- Изборниот предмет на власки јазик да биде воведен во основните училишта каде има поголема концентрација на Власи и да продолжи во континуитет , да се зголеми бројот на учениците што го изучуваат влашкиот јазик. Од изучувањето на влашкиот јазик би имале корист учениците кои ги збогатуваат своите знаења, родителите затоа што се продолжува едукацијата на влашки јазик освен во домот и во училиштата и општината би имала големо значење затоа што го мотивира влашкото население посебно во општините каде има влашко население.
**-Буџет: 32 000,00**

**2.Име на активноста**

**Обука на наставен кадар  за успешно спроведување на наставата по влашки јазик**

**-Опис на активноста**-Обуката на наставниот кадар, која ја реализира наствата по изборниот предмет на влашки јазик ќе се реализира преку едноставни семинари најмалку двапати во една учебна година и тоа еднаш на почетокот на учебната година и еднаш за време на полугодишниот распуст. Местото на одржување ке биде во Скопје.

-**Цел на активноста**-Целта на оваа активност е запзнавање со структурата и содржините на новите наставни програми и начинот на кој  содржините  треба да се реализираат, планирање и реализирање на содрзините од учебникот во корелација со наставната програма и усвојунање на иновативни, интерактивни техники за учење. Во денешни услови современата настава тоа и го бара.

-**Очекувани резултати од активноста**-Да се подготват две публикации за историјата, културата и традицијата на Влашката заедница, истите да се користат како промотивен материјал и да се воведат во современиот воспитно образовен систем како дополнителна литература по изборниот предмет на влашки јазик.

**-Буџет: 120000мкд**

**3.Име на активноста**

**Формирање на еколошки клуб составен од четири општини во Македонија каде што се изучува влашкиот јазик(настава во природа со набљудување, истражување и презентација)**

- **Опис на активноста**- За оваа активност во периодот од 10.05.до 15.05.2010г. се формира еко клуб од учениците кои ја сакаат екологијата од четирите општини. Се потполнуваат анкетни листови за тоа кои ученици сакаат да учествуваат во еко клубот и во кој град од Републиката. Се одредува бројот на учениците и местото каде ке се изведува настава во природа. Оваа средба е од големо значење затоа што на секој поединец здравјето зависи од самата личност од тоа колку и како ја загадува природата. Едукацијата е токму на таа тема затоа што човекот не само што ненамерно може и намерно да ја загадува околината во која живее.

-**Цел на активноста** - целта на оваа активност е од големо значење посебно во денешните свери на живеење. Од големо значење е да се информираат сите фактори посебно учениците и воедно да се едуцираат на тема екологија и воедно ја развиваат еколошката свест, затоа што немаме резервна планета за живеење.

-**Очекувани резултати**- формирањето на Еко клубот на учениците кои ке изведуваат настава по влашки јазик во природа е од огромно значење, затоа што со развивање на еколошката свест ученикот станува корисен во ова општество и си ја заштитува средината во која живее.

**-Буџет : 132000,00мкд**

**4.Име на активноста**

**Квиз натпревар со мотивирање на учениците од четири општини каде се изучува влашки јазик.**

**- Опис на активноста-** Со оваа активност ќе се организира квиз натпревар на тема ,,Познавање на влашкиот јазик,, подготвен од стручни лица - јазичари кои добро го познаваат влашкиот јазик. Се формираат четири групи на ученици од по шест ученици од четири градови каде се изучува влашкиот јазик. Се натпреваруваат учениците на квиз натпревар на претходно составени прашања од комисија во која влегуваат и наставниците по влашки јазик од четирите градови.

-**Цел на активноста** - Со целта на оваа активност се мотивираат учениците да ги искажат своите знаења преку натпревар кој ги стимулира и во кој се развива натпреварувачки дух.Победникот добива награда, а за мотивација и останатите екипи добиваат по некоја скромна награда.

-**Очекувани резултати** - Од оваа активност се очекува повеке интерес за изучување на влашкиот јазик и натпревар во постигнување на успех во знаењата на учениците од познавање на влашкиот јазик. Се очекува и успешност во спроведувањето на оваа активност со точно планирани и на времем спроведени активности.

**-Буџет : 58500,00мкд**

**5.Име на активноста**

**Прослава на 23 мај со пригодна програма на ниво на општина**

**- Опис на активноста-** За оваа активност е потребно уште на почетокот на месец мај да се информираат сите влашки здруженија во Републиката да прашаат дали има заинтересираност за ,,Влашка вечер,, во Крушево или Битола или.....да се одржи на 23 мај 2010г. Организаторите (членови од сите здруженија во Републиката по еден) наоѓаат локација со погодно мени, скромна лотарија и музика за да се направи вечерта забавна и интересна со што ке добие забавно - културен карактер.

- **Цел на активноста** - Целта на оваа активност е да се одбележи денот на Власите како свечен ден со културно-уметничка програма, со која Власите би се чувствувале весели, среќни , ќе се сретнат со многу пријатели, роднини со кои не се имаат видено и ќе разменат идеи и искуства.

- **Очекувани резултати-** Да се запознаат здруженијата на сите четири општини со активноста и предвреме се информираат за активностите за да можат да информираат колку учесници би дошле на забават. Со оваа активност му се дава големо значење на влашката припадност.

**-Буџет : 40000,00мкд**

**6.Име на активноста**

**Конкурс на тема ,, Значајни влашки личности на Балканот (по избор од учениците со претходно анкетирање)**

**-Опис на активноста-** За  оваа активност  е потребно да се објави конкурс во барем четири општини каде се изучува влашкиот јазик на тема ,,Значајни личности на Балканот,, Да им се објасни на учениците кое е значењето на конкурсот и за што да пишуваат. Македонија е мајка на многу чеда кои се значајни за Републиката и кои чеда имаат свој допринос на разни полиња од животот. Желбата за која личност е индивидуална.

-**Цел на активноста-**  Целта на оваа активност е да се запознаат сите генерации со значајните имиња од својата татковина , ги запознат нивните дела и ги пренесуваат на идните поколенија. Учениците треба да ибидат точно и навремено информирани за конкурсот и точниот назив на темата.

-**Очекувани резултати**- За значајните личности на Балканот со влашко потекло треба да се напише и во одредена литература која е достапна за учениците. За оваа цел може да се организираат успешни дебати на кои ке разговараат учениците за значајните имиња на Балканот и воедно ке ги прошират своите знаења. Со тоа познавањата ќе останат трајно врежани во спомените на учениците. За постигнатиот труд учесниците ќе бидат наградени со скромни награди кои ке претставуваат мотивација за учесниците.

**-Буџет : 52500,00мкд**

**КУЛТУРА**

1. **Име на активноста - Национален Ден на Власите (Денови на Власите)**

**Опис на Активноста** - По повод Националниот Ден на Власите, на 23-ти мај 2010 година, ќе се организира низа културно-уметнички манифестации и тоа:

- Ден на влашкиот фолклор кој предвидува настапи на влашки кулурно- уметнички друштва и влашки пејачи од Македонија и пошироко,
- Ден на влашката литература , читање на влашка поезија и промоција на книги од влашки автори;
- Свечена Академија, која предвидува разновидна кулурно-уметничка програма каде што ќе имаат прилика да се претставаат повеќе влашки организации со точки од областа на културата;
- Галерија на влашки носии и стари влашки работи;
- Собир на културно-историска локација која е важна за влашкиот народ, со цел да се применуваат влашки обичаи, дружење и готвење влашки традиционални јадења;
- Спортски активности, со организирање на турнири каде што влашките комуни би се натпреварувале и би се дружеле.

**Цел на активноста** - Преку ваквите кулурно-уметнички активности да се покрене националната свест кај власите од Р. Македонија, да се учествува во општествениот живот по прашањата од областа на културата кои се од витален интерес за унапредување и заштита на националниот идентитет на Власите.

**Очекувани резултати од активноста** - да се покрене иницијатива пред научно - културните институции на Р. Македонија за расветлување и осознавање на историјата и културата на власите од Р. Македонија и пошироко, како и за улогата на Власите во општествениот и културниот развој на Р. Македонија и пошироко.

**Вкупно буџет за активноста _250,000,00МКД.**

**2. Име на активноста - Значењето на личноста Тоше Проески за влашкиот народ**

**Опис на Активноста** - Координативното Тело  на Мрежа на НВО, во соработка со Фондацијата Тоше Проески ќе организира чествување на гробот на Тоше Проески и посета на неговото семејство по повод 3 години од неговата смрт.

**Цел на активноста** - Да се одбележи трагичниот настан 3 години  од смртта на Тоше Проески преку чествување на неговиот гроб, испраќање покани до институциите кои го негуваат делото на Тоше Проески, државните органи, неговото семејство и тн.

**Очекувани резултати од активноста** - успешно да се промовира значењето на делото на Тоше Проески влашкиот народ и да покрене свеста за хуманост кај Власите.
**Вкупно буџет за активноста _350,000,00_МКД.**

## Институционален развој и организациско јакнење

1. **Име на активноста:**

**Обука за водење на невладина организација, организациско работење и логистика**

- **Опис на активноста** - во 2010 да се организира обука за организациско работење и логистика за НВО во траење од минимум 3 дена за претставници од сите влашки здруженија во Македонија и на која ќе учествуваат по најмалку 2-јца претставници од секое влашко здружение од Македонија.

- **Цел на активноста** - да се зајакнат човечките капацитети кај активистите во влашките здруженија во областа на ефикасно организациско работење и одржлив континуиран развој на организациите и нивната работа.

- **Очекувани резултати -** подигање на нивото на квалитет и ефикасност во работењето на организациите, професионално организирање на нивните активности и соработка со партнер-организации, професионална подготовка на потребни документи и нивно архивирање.

- **Вкупен буџет**

2. **Име на активноста:**

**Обука за Управување со проектен циклус**

- **Опис на активноста -** во 2010 да се организира обука за Управување со проектен циклус во траење од минимум 3 дена за претставници од сите влашки здруженија во Македонија и на која ќе учествуваат по најмалку 2-јца претставници од секое влашко здружение од Македонија.

- **Цел на активноста -** да се обучат активните членови од влашките здруженија за изготвување на проекти според нормите и препораките од Прирачникот за управување со проектен циклус на Европската комисија.

- **Очекувани резултати -** да се зголеми бројот на аплицирања и добивање грантови за проекти по програмите на Европската унија и други програми кај секое влашко здружение минимум за 3 на годишно ниво.

- **Вкупен буџет**

3. **Име на активноста:**

**Обука за презентациски вештини и комуникација**

- **Опис на активноста -** во 2010 да се организира обука за Презентациски вештини и комуникација во траење од минимум 2 дена за претставници од сите влашки здруженија во Македонија и на која ќе учествуваат по најмалку 3-јца претставници од секое влашко здружение од Македонија

- **Цел на активноста -** да се обучат претставниците (претседателите и најактивните членови) на здруженијата професионално да воспостават комуникација со институции и партнер-организации за нивно презентирање и за презентирање на својата култура

- **Очекувани резултати -** воспоставена комуникација со претставниците на локалната и државната власт, презентирање на програмите и здруженијата   и кај меѓународните институции

- **Вкупен буџет**

4. **Име на активноста:**

**Обука за работа со компјутери**

- **Опис на активноста -** во 2010 да се организира обука за работа со компјутери во траење од минимум 30 часа за претставници од сите влашки здруженија во Македонија и на која ќе учествуваат по најмалку 3-јца претставници од секое влашко здружение од Македонија

- **Цел на активноста -** да се обучат претставници од сите влашки здруженија коишто немаат доволно познавање на работа со компјутер

- **Очекувани резултати -** изготвувањето на сите документи, презентации **и** друг потребен материјал да биде поефективно.

- **Вкупен буџет**

| Активност | Ставка | Сума | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Зајакнување на изучувањето на влашкиот предмет како изборен континуирано барем во четири општини (Крушево, Штип, Битола и Скопје). | дневни трошоци | 4 x 2 советници x 8000,00=16000,00мкд | 32000,00 |
| | патни трошоци | 4средбих 1500,00=6000,00мкд | |
| | освежување | 10x1000,00мкд=10000,00мкд | |

| активност | ставка | сума | вкупно |
|---|---|---|---|
| Обука на наставен кадар за успешно спроведување на наставата по влашки јазик | дневни трошоци | 2 средби x три советници x 8000,00=24000,00мкд | |
| | патни трошоци за советници | 2 средби x еден регион x 1500,00=3000,00мкд | |
| | патни трошоци за уцесниците | 2 средби x 4 регион x 10 наставници x 500,00=40000,00мкд | 120000мкд |

| | | |
|---|---|---|
| | работни материјали | 2 средби x 4 региони x 1000,00=8000,00мкд |
| | ручек за учесниците | 2 средби x 4 региони x 12 лица x 500,00=44000,00мкд |

| Активност | ставка | сума | вкупно |
|---|---|---|---|
| Формирање на еколошки клуб составен од четири општини во Македонија каде што се изучува влашкиот јазик(настава во природа со набљудување, истражување и презентација) | патни трошоци на учениците | 1 автобус 12000,00мкд | 132000,00мкд |
| | сместување на учениците пансион од пет дена | 55 учесници x 1000,00=55000,00мкд | |
| | патни трошоци на наставниците | 5x500,00=25000,00мкд | |
| | едукатори : биолог, ботаничар, земјоделец.... | 6x5000,00=30000,00мкд | |
| | Работни материјали | хартија, фломастери, тетратки и сл.10000,00 | |

| активност | ставка | сума | вкупно |
|---|---|---|---|
| Квиз натпревар со мотивирање на учениците од | трошоци за патување на учениците и наставниците | 1 автобус за превоз за 120км. е 12000,00мкд | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| четири општини каде се изучува влашки јазик. | освежување | 50x300,00мкд= 15000,00мкд | 58500,00мкд |
| | работни материјали | 4 училишта x1000,00=4000,00мкд | |
| | ручек на учесниците | 50 учесници +5=55x500,00мкд= 27500,00 | |
| | Ставка | сума | |
| | трошоци за патување на организаторите | комбе 10000,00 мкд | |
| | ручек на организаторите | 10 организатори x 500,00мкд= 5000,00мкд | |
| | плакање на музиката | 10000,00мкд | |
| | други трошоци(лотарија, работен материјал....) | 15000,00мкд | |

| активност | ставка | сума | вкупно |
|---|---|---|---|
| Конкурс на тема „ Значајни влашки личности на Балканот (поизбор од учениците со | ручек на учесниците | 50x500,00мкд= 15000,00мкд | 52500,00мкд |
| | награди | 50 учесниции 500,00мкд= 25000,00мкд | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| претходно анкетирање) | освежување | 50 x 50,00мкд= 2500,00мкд | |
| | работни материјали | 10 000,00мкд | |